# Средба со самиот себеси



**ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ВЕЛИМИР ЖЕРНОВСКИ, ПОЗНАТ ПО СВОЈОТ ПОП-АРТ МАНИР ВО УМЕТНИЧКАТА АКЦИЈА, ГЛАСНО РАЗМИСЛУВА ЗА СВОИТЕ КРЕАТИВНИ ПРЕДИЗВИЦИ**

Следејќи една сосема спонтано избрана патека крај делата на Велимир Жерновски, поставени во Музејот на современата уметност во Скопје, гледачот самиот себеси си го поставува прашањето: што бара Алиса? Видео, фотографии, слики, објекти и цртежи, од една страна, и текст и виуелна поезија, од друга, ги пренесуваат пораките на уметникот врежани во ликовниот проект Alice, What Else is out There?. Останувајќи доследен на поп-арт манирот, како и во проектот The Walk, со кој ја доби наградата на Биеналето на млади уметници во 2009 година, авторот својата инспирација за прибирање на наративниот материјал ја пронаоѓа во урбаниот амбиент исполнет со конфликти, тензии, насилство и депресија.

„Во конкретниот случај Алиса го бара Другиот или се обидува да воспостави дијалог. Тоа, всушност, е мојата преокупација во последниве неколку години. Без разлика со кои медиуми работам, со темата инсистирам на дијалог и мислам дека единствено преку Другиот можеме подобро да се запознаеме себеси. Иако Алиса во оваа изложба малку е исплашена и носи маска за да се претопи со толпата и со современиот дискурс – попкултурата, сепак, отвора некоја врата и цртежот ја сугерира таа очекувана средба“, објасни Велимир Жерновски.

Дијалогот со Другиот може да се движи во повеќе правци – дијалог со самиот себе и со околината. Уметникот Жерновски, акцентот во комуникацијата го става на дијалогот со средината бидејќи низ таквата релација се преиспитуваме и отвораме дијалози и со самите себе. Едноставно, таквата релација е нераскинлива. Како што не може да се оддели и влијанието кое врз уметничката нарација ја има времето во кое живееме. Иако станува збор за ера на брз развој на технологијата во која можностите за комуникација меѓу луѓето се широко отворени, сепак, се појавува чувството дека, всушност, си помалку вистински комуницираат меѓу себе.

Тони Димков Ивана Кузмановска

„Ако зборуваме за современоста, веројатно е дека почнавме да се губиме, но, преиспитувањето кое како проблем го поставив во моите дела ми го наметна локалниот момент. Сега си нешто се инсистира на преиспитување, а преиспитуваме само некои историски и не знам какви концепти, меѓутоа се оддалечуваме од основното човечко себепреиспитување. Тоа е едната линија, конкретно во оваа изложба. Другата линија, ако гледаме во глобални рамки, се Интернетот и сите други нови појави кои ги омасовуваат работите и малку се губи индивидуалниот печат, се претопуваме во таа глобална маса. Можеби тоа е проблем, а можеби и не е. Зависи од која позиција ги гледаме работите. Но, мислам дека нема штета доколку се свртиме малку повеќе кон меѓучовечките дијалози", е личниот став на уметникот.

Уметничкиот пристап кон разработката на делото кај Жерновски вклучува повеќе медиуми и техники. Уметникот вели дека принципот се наметнал сам од себе. Во својата работа некогаш црта, некогаш пишува текстови, некогаш собира видеоматеријали. Клучниот момент во реализацијата на делото се појавува кога собраните елементи ќе ги стави во судир еден со друг. Тогаш почнува да се гради приказната и да се создава нарацијата.

„Тоа што мене ме возбудува е фактот што се појавува сосема друга нарација, поинакви читања на нештата кога различните медиуми ќе ги судриш меѓусебно. Ако зборуваме за уметничкиот израз, сметам дека авторите треба да се отворени кон сите медиуми за изразување. Што се однесува до визуелниот момент, си зависи од тоа што сакаш да постигнеш. Некогаш мислам дека видеото ќе даде подобра слика на тоа што сакам да го постигнам, понекогаш тоа е цртежот, така што претходно не се осмислени процесите, туку едноставно работам и потоа 'манипулирам' со нивната комбинација, а сè со цел што е можно подобро да се пренесе пораката. Никогаш нема да се затворам во рамките на некој медиум и мислам дека е добра таа миграција, која на некој начин ни дава слобода", нагласи Жерновски.

Во однос на тематиката во делата на Жерновски се чувствува неговата ангажираност во третирањето на одредени општествени појави. Низ сопствениот пример, уметникот направил обид да иницира дијалог на теми кои навлегуваат во сферите на социјалниот живот во општеството.

„На Фејсбук имаше интересен коментар околу изложбата. Некој напиша дека 'на социјално-ангажираните уметници им





помина времето со распадот на СССР'. Така не одам по таа линија на социјално ангажирана уметност. Едно е сигурно дека и низ разговорите и со моите дела инсистирам на тоа уметниците да се ангажирани во таа смисла што треба да отвораат прашања кои во актуелниот социјален контекст не толку често се отвораат, да отвораат прашања кои се премолчуваат во општеството, да имаат активистичка улога", инсистира Жерновски.

> Никогаш нема да се затворам во рамките на некој медиум и мислам дека таа миграција е добра, што на некој начин ни дава слобода во креацијата

Од 2005 година, Велимир Жерновски активно изложува во Македонија и низ Европа. Покрај личното творештво од 2008 година е коосновач на Ф.Р.И.К. (Формација за развој на иницијативи во културата), во која работи заедно со Билјана Димитрова, Ангела Маневска и Маргарита Василева. Со ангажирани проекти кои имаат широк дијапазон на теми и интереси, од глобализацијата и војните, до личните проблеми, родовите и прашањата за сексуалноста, со Ф.Р.И.К. се обидуваат да презентираат поинаков пристап во културната промоција кај нас. Неговата изложба во Музејот на современата уметност беше пример во кој правец е насочено тежиштето на нивните идеи.